Научна фондација СПИРОСКИ, Скопје, Република Северна Македонија
Македонско медицинско електронско списание. 2026 Сеп 25; 6:15-16.
https://doi.org/10.3889/mmej.2026.6884
eISSN: 1857-9809
Категорија: *МИТ-ФДМ2026 - „ТРЕНДОВИ ВО ЕНДОДОНЦИЈАТА“*
Секција: *Стоматологија*



OPEN ACCESS

ЕНДОДОНТСКИ МАСТЕРКЛАС

Данчо Бизевски[1,2*], Ристо Панајоту[3]

[1]Нова Дентал Хирургија- Скопје, РС Македонија; [2]Факултет за дентална медицина, МИТ Универзитет, Скопје, РС Македонија; [3]Ендомак дентал Груп (ЕДГ), Клинички оддел за ендодонција и реставративна стоматологија, Гевгелија, РС Македонија

Уредено: Славица Христоманова-Митковска
Цитирање: Бизевски Д, Панајоту Р: ЕНДОДОНТСКИ МАСТЕРКЛАС. Макед Мед Електр С. 2026 Сеп 25; 6:15-16. https://doi.org/10.3889/mmej.2026.6884
Клучни зборови: ендодонтска терапија; ендодонтска дијагностика; коренски канален систем; ендодонтска хирургија; постендодонтска реставрација
***Кореспонденција:** Данчо Бизевски, Нова Дентал Хирургија- Скопје, РС Македонија. E-mail: danco.bizevski@dm.mit.edu.mk
Примено: 11-Авг-2026
Ревидирано: 01-Сеп-2026
Прифатено: 20-Сеп -2026
Печатарски права: © 2026 Данчо Бизевски, Ристо Панајоту.
Лиценца: Овој труд е со отворен пристап дистрибуиран под условите на Creative Commons Attribution-NonCommercial 4.0 International License (CC BY-NC 4.0)
Финансирање: Ова истражување нема финансиска поддршка
Конкурентски интереси: Авторите изјавуваат дека немаат конкурентски интереси

Извадок

ВОВЕД: Ендодонтската терапија претставува комплексна клиничка процедура која бара систематски пристап, добро познавање на анатомијата и биологијата на коренскиот канален систем, како и правилна примена на современите дијагностички и терапевтски протоколи. Предвидливиот успех на третманот зависи од правилната дијагноза и планирање, соодветната изолација, механичката и хемиската обработка, ефикасната дезинфекција и квалитетната обтурација на коренските канали. Целта на курсот е преку интегрирана теоретска и практична обука да ги унапреди знаењата, мануелните вештини и клиничкото размислување на стоматолозите во современата ендодонтска терапија.

ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ: Во теоретскиот дел ќе бидат обработени современите принципи на ендодонтската дијагностика и планирање, со анализа на анатомијата и морфологијата на коренскиот канален систем. Посебно внимание ќе биде посветено на примената на кофердам како стандард за изолација на оперативното поле и на принципите на дизајн и препарација на пристапниот ендодонтски кавитет. Ќе бидат разгледани современите системи за машинска обработка со континуирана ротација и реципрочен принцип на работа, протоколите за хемомеханичка обработка и иригација, како и современите техники на обтурација, вклучувајќи ја техниката со термопластична (топла) гутаперка. Дополнително, ќе бидат дискутирани причините за неуспех на ендодонтската терапија, пристапот кон комплицирани и неуспешни случаи, основните принципи на ендодонтската хирургија и планирањето на постендодонтската реставрација.

ПРАКТИЧЕН ДЕЛ: Практичниот дел е дизајниран за развивање и усовршување на мануелните и клиничките вештини преку демонстрации и практична работа на модели. Учесниците ќе практикуваат рационална препарација на пристапен кавитет, идентификација и морфолошка анализа на коренските канали, примена на ротирачки и реципрочни системи за машинска обработка, како и соодветни иригациски протоколи за ефикасна дезинфекција на каналниот систем. Практичната обука ќе опфати и подготовка на каналите за финална обтурација и примена на техники со термопластична (топла) гутаперка, со акцент на правилната техника, клиничката предвидливост и квалитетот на изведбата.

ЗАКЛУЧОК: Интегрирањето на современите теоретски принципи со практична обука овозможува развивање на систематски пристап, подобри мануелни вештини и поголема сигурност при изведувањето на ендодонтската терапија. Ендодонтскиот мастерклас има за цел да им овозможи на учесниците стекнатото знаење и практични вештини да ги применат во секојдневната клиничка пракса, со почитување на биолошките принципи и современите протоколи за постигнување предвидливи и долгорочни резултати.

ENDODONTIC MASTERCLASS

Danco Bizevski[1,2*], Risto Panajotu[3]

[1]Nova Dental Surgery - Skopje, RN Macedonia; [2]Faculty of Dental Medicine, MIT University, Skopje, RN Macedonia; [3] Endomak Dental Group (EDG) Clinical Department of Endodontics and Restorative Dentistry, Gevgelija, RN Macedonia

Edited by: Slavica Hristomanova-Mitkovska
Citation: Bizevski D, Panajotu R. ENDODONTIC MASTERCLASS. Maced Med Electr J. 2026 Sep 25; 6:15-16. https://doi.org/10.3889/mmej.2025.6884
Keywords: endodontic therapy; endodontic diagnosis; root canal system; endodontic surgery
***Correspondence:** Danco Bizevski, Nova Dental Surgery - Skopje, RN Macedonia.
E-mail: danco.bizevski@dm.mit.edu.mk
Received: 11-Aug-2026
Revised: 01-Sep-2026
Accepted: 20-Sep-2026
Copyright: © 2026 Danco Bizevski, Risto Panajotu.
License: This is an open-access article distributed under the terms of the Creative Commons Attribution-NonCommercial 4.0 International License (CC BY-NC 4.0)
Funding: This research did not receive any financial support
Competing Interests: The authors have declared that no competing interests exist

Abstract

INTRODUCTION: Endodontic therapy is a complex clinical procedure that requires a systematic approach, thorough knowledge of root canal anatomy and biology, and the appropriate application of contemporary diagnostic and treatment protocols. Predictable treatment success depends on accurate diagnosis and treatment planning, adequate isolation, effective mechanical and chemical preparation, efficient disinfection, and high-quality root canal obturation. The aim of this course is to enhance dentists' knowledge, manual skills, and clinical reasoning in contemporary endodontic therapy through an integrated theoretical and practical training program.

THEORETICAL PART: The theoretical part will cover contemporary principles of endodontic diagnosis and treatment planning, with an analysis of the anatomy and morphology of the root canal system. Particular attention will be given to the use of rubber dam as the standard for operative field isolation and to the principles of access cavity design and preparation. Contemporary instrumentation systems based on continuous rotary and reciprocating motion, protocols for chemomechanical preparation and irrigation, and modern obturation techniques, including thermoplasticized (warm) gutta-percha techniques, will be discussed. In addition, the causes of endodontic treatment failure, the management of complex and failed cases, the basic principles of endodontic surgery, and post-endodontic restorative planning will be addressed.

PRACTICAL PART: The practical part is designed to develop and enhance participants' manual and clinical skills through demonstrations and hands-on work on models. Participants will practice rational access cavity preparation, identification and morphological analysis of root canals, the use of rotary and reciprocating instrumentation systems, and appropriate irrigation protocols for effective disinfection of the root canal system. Practical training will also include preparation of the canals for final obturation and the application of thermoplasticized (warm) gutta-percha techniques, with emphasis on proper technique, clinical predictability, and quality of execution.

CONCLUSION: Integrating contemporary theoretical principles with practical training enables participants to develop a systematic approach, improve their manual skills, and gain greater confidence in performing endodontic procedures. The Endodontic Masterclass is designed to enable participants to apply the acquired knowledge and practical skills in everyday clinical practice while adhering to biological principles and contemporary protocols aimed at achieving predictable and long-term treatment outcomes.